ВЕРА БИТРАКОВА ГРОЗДАНОВА
Филозофски факултет
Скопје

**УДК 930.27(497.7-22)**

# ПРИЛОГ ЗА КУЛТОТ КОН ΖΕΥΣ ΥΨΙΣΤΟΣ ВО МАКЕДОНИЈА

*Айсшракш:* Се обелоденува еден нов епиграфски споменик од локалитетот Марвинци, откриен како сполија. Тоа претставува прилог кон почитувањето на Севс Hypsistos веќе регистриран низ цела Македонија преку култните споменици (релјефи, храмови и натписи). Споменикот датира од средината до втората половина на II век.

Познато е дека во Македонија се почитувал богот Севс, таткото на боговите и на луѓето*. Најчесто ги има епитетите Keraunos (молња), Olimpios[1], но се појавува и во други форми кои се регистрирани на епиграфски споменици како Agoraios[2] од Црнилиште, од Алкомена, Hyperairetes од Дебреште[3] или Hypsistos на бројни локалитети во Македонија и на Балканот.[4]

Уште во седумдесетите години на минатиот век проф. Маргарита Тачева која ги проучуваше ориенталните култови во Тракија, забележа дека епиграфските извори, како потврда за почитувањето на *Севс Хипсистос*, покрај тоа што се среќаваат на територијата на нејзиниот интерес, се откриваат исто така дури и повеќе на просторите на античка Македонија. Како резултат на тие согледувања ја обелодени тогаш студијата за култот кон *Хипсистос* на Балканот.[5] И нешто подоцна, излезе и нејзината

* Овој краток прилог за почитувањето на богот Севс Хипсист и го посветувам на унив. проф. Маргарита Тачева по повод 65-от роденден и 40 години од нејзината научно-истражувачка работа на полето на античката историја и духовната култура на народите на Балканот.

[1] Liv. XLIV. 7; Diod. XVIII 4.5; Baege 1913, 1–19; Düll 1977, 106, 205; Kalleris 1988, 250–251; Le Bohec 2002, 41–42.

[2] Вулић 1941–1948, 182 бр. 384; Id. 1931, 141, бр. 342; Марић 1933, 36; Düll 1977, 355, n. 161, 353, n. 157.

[3] Вулић 1933, 39, бр. 124; Düll 1977, 101, 356, n. 162.

[4] Düll 1977, 99; Tačeva–Hitova 1978, 59–75; Chrisostomou 1991, 97–110; Id. 1996, 21–70.

[5] Tačeva –Hitova 1978, 59–75.

студија за ориенталните верувања во Тракија, каде ги изнесе своите согледувања околу идентификацијата и интерпретацијата на овај култ, отфрлајќи ја тезата за еврејското потекло, застапувана од некои автори во врска со натписите од римско време, откриени на Крим.[6] Тука уште еднаш ќе го истакне своето мислење дека центарот на првичното појавување на овај култ треба да се бара во Македонија.

Листата на откриени епиграфски споменици каде се регистрира името на Ѕевс *Хипсистос* во Македонија, во меѓувреме се зголеми. Се откри столбот со натпис од Неготино (Вешје).[7] Но кон тој наод треба да се додаде уште еден споменик од пајонско-македонскиот простор од Кавадарци,[8] кој не беше регистриран во пописот на натписите кај М. Тачева[9], но обелоденет во студијата на С. Дил.[10] Потоа излезе студијата на С. Другу за споменикот од Едеса, каде се регистрирани веќе четири епиграфски споменици, со посвета на богот. Авторката исцрпно ја коментира и интерпретира иконографијата на овај рељефен приказ со длабока симболика, со илустрирање на орелот, симболот на богот, поставен на гирланда, изведена од листови на даб, светото дрво на богот. Таа исто така ќе ја прецизира и хронологијата на споменикот во почетокот на I век пр. н. е., до кој заклучок ќе дојде по палеографската но и стилската анализа на пластичната декорација.[11]

Што се однесува до појавата на оваа епиклеза на богот се наметнува мислењето на М. Тачева дека потеклото на култот треба да се согледа на Балканот, а ширењето на ова почитување кон териториите на Мала Азија и Тракија да се поврзе со хеленистичките взаемни влијанија.[12]

Во истражувањата на Исар-Марвинци во 1996 год.[13] е откриена една стела која, во секундарна употреба, беше поставена како надгробна плоча, во јужната некропола. На стелата (со ди-

[6] Тачева–Хитова 1978/1, 138–142; Ead. 1982, 302–344.

[7] Bitrakova-Grozdanova, 1999, 240.

[8] Düll 1977, 356.

[9] Tačeva–Hitova 1978, 70–74.

[10] Düll 1977, 356–357, n. 161.

[11] Drougou 1990, 45–71.

[12] Tačeva–Hitova 1978, Ead. 1982.

[13] Истражувањата во 1996 г. ги раководеше колегата Цони Крстевски на кого му се заблагодарувам за дозволата за обелоденување на натписот. Околу идентификацијата на локалитетот со античкиот град Идомена, Добер или Гортинија види: Јосифовска-Драгоевиќ 1967, 317–352; Соколовска 1966, 139–142; Микулчиќ 1999, 23–28.

мензии: висина 85 см, ширина 54 см, дебелина 12 см ), на 10 см од ивицата се исклесани две пластични линии кои го оградуваат полето во кое е испишан натписот. Буквите се правилни, во капитала, а некаде и со вметнување на буква во буква. Натписот е посветен на Sевс *Хипсист(ос)* – Διὶ Ὑψίστῳ. Од задната страна на стелата, по вертикала, се забележува едно задебелување на камениот блок, што покажува дека таа била вградена во зидна маса на градба, каде се почитувало божеството.

ΔΙΙΥΨΙΣΤΟ
ΚΕΡΡΙΟΣΠΩΛ
ΛΙΩΝΚΑΙΡΟΥΒΕΛ
ΛΗΝΗΜΑΞΙΜΑ
ΚΑΙΕΡΡΙΟΙΠΩΛΛΙ
ΩΝΚΑΙΠΡΟΚΛΑ
ΤΑΤΕΚΝΑΑΥΤΩΝ
ΕΚΤΩΝΙΔΙΩΝ

Διὶ Ὑψίστῳ Κόιντος Ἕρριος Πωλλίων καὶ Ρουβελλήνη Μαξίμα καὶ Ἕρριοι Πωλλίων καὶ Πρόκλα τὰ τέκνα αὐτῶν ἐκ τῶν ἰδίων

Имињата на дедикантите Коинт (Κόιντος), Полион (Πωλλίων), Максима (Μαξίμα), Прокла (Πρόκλα), се среќаваат на спомениците од Македонија во римско време.[14] Главата на семејството кое го посветува споменикот на богот носи римски преномен (Kointos-Quintus), и римска трочлена формула на целото име. Името на сопругата Рувелене (Ρουβελλήνη) засега не е регистрирано. Познато е име во машка форма Rubellinus.[15] Додека ономастиконот Ериј (Ἕρριος) не е регистриран во Македонија. Кај Апијан Александриски се споменува *Ериос* (Ἕριος) (*Bellorum civilum*, liber 1, 40. 2).[16]

Уште со истражувањата на М. Тачева во 1978 год. беше посочен значителен број на споменици откриени во Македонија,

[14] Κόιντος: од Верија (Tataki 1988, 259 n. 1111, 1112, 1114); Πωλλίων: од Битола (IG X, 2, 2, n.75), се среќава и на островите Парос, Самос, Крит (Fraser & Matthews 1987, 397); Μαξίμα: од Битола (Вулић 1931, бр. 27), од Пиерија (Demitsas 1896, n. 162), од Верија (Tataki A. B. 1994, 221, n. 853); Πρόκλα: од Беловодице и Ваташа (Вулиќ 1931, бр. 62, бр. 345, 138), од Верија (Tataki 1994, n.701, 193), но се среќава и во Егејскиот простор во Лезбос и Кипар (Fraser & Matthews 1987, 397, 402).

[15] Schulze 1966, 220, 443.

[16] Искажувам благодарност за информацијата на Академик П. Хр. Илиевски.

тринаесет на број, со што авторката укажуваше на нелогичноста да се поврзува оваа форма на врховното божество Ѕевс со верување кое се јавува кај еврејските верници во Босфорското царство во римско доба.[17] И покрај дискусиите околу оваа појава од повеќе учени и со длабоки познавања на старите верувања (паганството, јудејството), се повеќе се покажува мислењето на Тачева како точно. Имено, на култните камени споменици во регијата на Крим, се среќава овај епитет Hypsistos. Но исто така и порано се забележува во Македонија и на Малоазискиот простор. Во музејот во Халикарнас (денес Бодрум) се чуваат две ари со натписи од римско време, на кои дедикантите му се обраќаат на Ѕевс Хипсист (Διὶ Ὑψίστῳ).[18]

На просторот од антична Македонија можат да се посочат неколку центри на почитувањето на оваа, би рекле, епиклеза на Ѕевс. Веќе споменатиот рељефен приказ од Едеса (Воден), со илустрација на орел кој стои на гирланда, пратен со натпис, во почетокот на I век пр. н. е. и останатите откриени четири натписи во овој град, укажуваат на постоење на светилиште.[19] И во Горномакедонските области Елимеја и Еордаја се забележува присуството на култот уште од хеленистичката епоха (II–I век).[20] Петте посвети од регијата на Козани, чии дедиканти имаат исклучиво грчко-македонски имиња, освен еден, покажуваат на пошироко прифатен култ кон ова божество. Рељефната претстава на богот, пратена со натпис, од Акрини (Еордаја) од II век пр. н. е., покажува една нова, може да се каже нехеленска иконографија. Божеството стои и со десната рака држи патера над олтар; над олтарот, на дорски столб е претставен орел.[21]

Епиграфски наоди со посвети на Ѕевс Хипсист(ос) (Севишниот) (Ζεὺς Ὕψιστος) се среќаваат уште и во Солун, Пидна, во Идомени (современо име за населбата на граница меѓу Р. Македонија и Грција, на грчка територија) или Бог Хипсист(ос) (Θεὸς Ὕψιστος) поретко, регистриран во Солун,[22] во Антемонт (регионот на Халкидики).[23] Посебно се истакнува откривањето, не

[17] Тачева–Хитова 1978/1, 133–142.

[18] Видени во музејот на Бодрум од аутопсија; не ми е познато дали се обелоденети.

[19] Tačeva–Hitova, 1978, 71–72; Chrisostomou 1991, 98.

[20] Tačeva–Hitova 1978, 72–74; EAM I, 33, n. 16, 37–38, n. 22, 26–34, n. 10, n. 17; Chrysostomou 1991, 101–104.

[21] EAM I, 89–90, n. 90, fig. 32.

[22] Тачева–Хитова 1978,70–74.

[23] Hatzopoulos & Loukopoulou 1992, 50–51, 64, каде е изнесено и мислењето дека „колевката на култот се регионите околу планините Бермион и Барнус“.

така одамна, на храмот во светиот македонски град Дион.[24] Оваа градба, подигната во непосредна близина на храмот на Деметра, според вотивните натписи, датира од рано царскиот период. Откриената статуа на божеството седнато на престол, е пратена со наоди на преставии на орли кои поодделно се илустрирани на ари или стојат на столбови, што потсетува на иконографските компоненти од претставата на Ѕевс од Акрини, датирана во II век пр.н.е.

Што се однесува до датирањето на натписот од Марвинци, ќе се осврнеме на палеографските специфики и на одредени аналогии кај веќе прецизно датирани натписи. Овој споменик од категоријата на култни и јавни натписи може да се вброи во писма пишувани со капитала. Доминираат строги линии, правилни редови и одредени квадратни форми на некои букви, како на *ета* и *сигма*, потоа *ета* со средна брановидна хаста, равни хасти на *ипсилон*, но и со нагласен крај на хастите кај *ламбда, алфа, делта*, што наликуваат на еден натпис од Верија од II век[25]; или *омега* со декоративно извивање на краевите, пак средна брановидна хаста на квадрантната *ета*, кои се среќаваат на друг натпис од Верија од почетокот на II век.[26] Вметнувањето на букви, една во друга, се забележува уште од крајот на I век, а трае и низ II век.[27] Но на нашиот натпис се појавуваат одредени форми кои се многу блиски или исти со натписите од регионот по долина на Вардар,. прецизно датирани, како примерот од Стоби, од 163 год. (*сигма, кси, омега*).[28] Потоа аналогна графија наоѓаме во примерите од Марвинци, исто така датирани, како на пример: *ми* со дијагонални хасти, *ета* со средна брановидна хаста, на натписот од 161 год.[29] и најмногу сличности со приватниот натпис, со аналогни *ми, сигма, ета*, датиран во 168 год.[30] Се чини дека станува збор можеби за ист ракопис и еден ист каменорезач кој работи во регијата во средината на II век.

Според посочените паралели околу епиграфските особености може да се заклучи дека подигнувањето на спомениикот од Марвинци во чест на Ѕевс *Хипсистос* е изведено од средината до втората половина на II век.

24 Pandermalis 2003, 417–424.
25 EKM I, 171–172, n. 73, n. 74.
26 Ibid. n. 73.
27 EKM I, n. 26, n. 63; EAM I, n. 54.
28 Вулић 1933, 3241; Бабамова 2006,127–128, br. 67.
29 Бабамова 2006, бр. 28.
30 Ead. бр. 83.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Бабамова 2005: Бабамова, С., *Епиграфски споменици од Р. Македонија датирани според македонската провинциска ера*, Скопје.

Baege 1913: Baege, W., *De Macedonum Sacris*, Halle.

Bitrakova Grozdanova 1999: Bitrakova Grozdanova, V., *L'art et religion en Macédoine*, Skopje.

Demitsas 1896: Demitsas, M., „Η Μακεδονία εν λίθοις φτεγγομένοις καὶ μνημείοις σωζομένοις", Athenai.

Drougou 1990: Drougou, S., *ΔΙΙ ΥΨΙΣΤΩΙ, ή αναθηματική στήλη τοῦ Ζωίλου στὴν Ἔδεσσα*, Via Egnatia 2, Thessaloniki.

Chrysostomou 1991: Chrysostomou, P., „Δυτικομακεδονικά εὐχαριστήρια στο Δία Ύψιστο," *ΑΕΜΘ* 5.

Chrysostomou 1996: Chrisostomou, P., „Ἡ λατρεία τοῦ Δία ὡς καιπικοῦ θεοῦ στὴ Θεσσαλία καὶ στὴ Μακεδονία," *Ἀρχαιλογικὸν Δελτίον* 4.

Düll 1977: Dьll, S., *Die Gütterkulte Nordmakedoniens in rümischer Zeit*, München.

Fraser & Matthews 1987: Fraser, P. & Matthews, E., *Greek Personal Names I* (The Aegean Islands, Ciprus, Cyrenaike), Oxford.

Hatzopoulos & Loukopoulou 1992: Hatzopoulos, M. B. & Loukopoulou, L., *Recherches sur les marches orientales des Téménides I*, Athènes.

Јосифовска-Драгоевиќ 1967: Јосифовска-Драгојевиќ, Б., „Извештај о археолошком ископавању код с. Марвинаца, *ГЗбФф* 19, Скопје.

Kalleris 1988: Kalleris, J., *Les anciens Macédoniens I*, Athènes.

Le Bohec-Bouhet 2002: Le Bohec-Bouhet, S., „The Kings of Macedon and the Cult of Zeus in the Hellenistic Period," *The Hellenistic Word*, The Classical Press of Wales and Duckworth.

Марић 1933: Марић, Р., *Антички култови у нашој земљи*, Београд.

Микулчиќ 1999: Микулчиќ, И., *Антички градови во Македонија*, Скопје.

Pandermalis 2003: Pandermalis, D., „ Ύψιστος καί άλλα," *ΑΕΜΘ* 17.

Schulze 1966: Schulze, W., *Zur Geschichte Lateinischer Eigenamen*, Berlin.

Соколовска 1986: Соколовска, В., *Исар-Марвинци и Повардарие во античко време*, Скопје.

Tačeva–Hitova 1978: Tačeva–Hitova M., „Dem Hypsistos geweihte Denkmäler in den Balkaniländer," *Balkan Studies* 19.

Тачева–Хитова 1978/1: Тачева–Хитова, М., „Окулте ΘΕΟΣ ΥΨΙΣΤΟΣ на Боспоре," *Вестник древнен истории* 1, Москва.

Тачева–Хитова 1982: Тачева–Хитова М., *История на източните култове в Долна на Мизия и Тракия, V в. пр. н. е. – IV в. от н. е.*, София.

Vulić 1933: Vulić, N., „Jevrejski natpis iz Stobi," *Glas Srpske kraljevske akademije*, Beograd.

Вулић 1931: Вулић, Н., „Антички споменици наше земље," *Споменик* 71, Београд.

Вулић 1941–1948: Вулић, Н., „Антички споменици наше земље," *Споменик* 98, Београд.

## КРАТЕНКИ

*AEMΘ* : *Τό Αρχαιολογικό Έργο στη Μακεδονία και Θράκ*η, Thessaloniki.

*EAM I* : Th. Rizakis & G. Touratsoglou, *'Επιγραφές Άνω Μακεδονίας*, τόμ. Α, Athenai 1985.

*EKM I*: L. Gounaropoulos & M. B. Hatzopoulos, *Επιγραφές Κάτω Μακεδονίας*, τόμ. Α, Athhenai 1998.

## RESUMÉ


*Vera Bitrakova Grozdanova*, SUR LE CULTE DE ΖΕΥΣ ΥΨΙΣΤΟΣ EN MACÉDOINE

L'auteur rend publique une nouvelle inscription dédiée à *Zeus Hypsistos*, découverte dans la localité de Marvinci (*Doberos?Idomenai?Gortinia?).* Elle mentionne encore deux inscriptions enregistrées sur le territoire de la République de Macédoine (de Kavadarci-Drenovo et de Negotino-Vešje). Dans cet article, elle cite aussi les autres trouvailles de Macédoine antique qui sont nombreuses et déjà connues, et avec ceci elle adhère à la thèse avancée par M. Tačeva, à savoir que la pénétration du culte de Zeus Hypsistos dans les Balkans et sur le litoral de la mer Noire ne doit pas être mise en rapport avec la religion juive, mais que c'est en Macéedoine qu'il faut chercher la source de ce culte.

En se basant sur l'analyse paléographique et surtout en comparant les caractéristiques des lettres avec celles des inscriptions de Stobi et de Marvinci, datées avec précision, l'auteur date l'inscription en question du milieu à la deuxième moitié du IIe siècle.

Ce travail est dédié à M-me Margarita Tačeva, Professeur de l'Univesité de Sofia, à l'occasion de son 65 ème anniversaire et ses 40 années de travail scientifique dans le domaine de l'histoire antique et de la culture spirituelle de peuples balkaniques.

